Врз основа на Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а согласно на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025 година, се склучува

## ДОГОВОР

за уредување на меѓусебните права и обврски на студентите запишани во квота со кофинансирање на прв циклус студии во учебната 2024/2025 година.

**Склучен помеѓу договорните страни:**

1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, застапуван од Деканот проф. д-р Боро Јакимовски од една страна, (во понатамошниот текст факултет) и
2. ___________________________________ од ___________, ул. _______________________________________ бр. _____, студент на I (прва) година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (во натамошниот текст: студент).

**Договорните страни се договорија за следното:**

### Член 1

Факултетот го запишува студентот како редовен студент во квота со кофинансирање за студирање, на прв циклус студии под условите утврдени во Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми во учебната 2024/2025 година.

### Член 2

Надоместокот за студирање во квота со кофинансирање изнесува 400 евра годишно во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплата.

Надоместокот од став 1 на овој член студентот го плаќа во текот на целокупното студирање односно додека студентот ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и правилникот за студирање на Факултетот.

Плаќањето на надоместокот од став 1 на овој член се врши на две рати и тоа при запишување на зимскиот и при запишување на летниот семестар.

Студентот плаќа и надоместок за административно-материјални трошоци, лаборатории, осигурување и трошоци за ИКСА на УКИМ, при запишување на семестар согласно на утврдениот ценовник на факултетот. Во текот на студирањето, студентот плаќа и други такси утврдени согласно ценовникот на факултетот.

**Член 3**

Студентот е должен редовно да ги исполнува обврските кои произлегуваат од прв циклус студии согласно на Законот, Статутот и други општи акти на Универзитетот, Правилникот на факултетот, Правилата на студирање и одлуките донесени на Деканатска управа и Наставно-научниот совет на факултетот.

Доколку студентот не ги исполни обврските со полагање на предвидените испити утврдени со студиските програми, ги презапишува предметите со соодветен надоместок согласно член 2 од овој договор.

**Член 4**

Договорот е во важност додека студентот ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за студирање на Факултетот.

**Член 5**

Студентот може да го раскине овој договор без можност за враќање на уплатените средства за студирање, со што му престанува статусот студент на Факултетот.

**Член 6**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 7**

Овој договор е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои 1 (еден) за Факултетот, 1 (еден) за студентот.

Студент:___________________________
(име и презиме)

(потпис): ____________________________

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство:

Декан: проф. д-р Боро Јакимовски
(потпис): ____________________________